Зоран НАЦЕВ

# ПОСТКОНФЛИКТНА БЕЗБЕДНОСНА ТРАНЗИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *Увод*

Општо земено, лесно се препознатливи пројавените форми, облици и содржини на судирот во Р. Македонија во изминатото седмомесечје. Многу посложено е проникнувањето во битието на судирот како и идентификацијата на крајните импликации што можат да произлезат во државата, во непосредното опкружување и на пошироко регионално ниво. Имено, качачките банди – или востаници, како што ги нарекуваат одделни нивни обожаватели и поддржувачи вешто манипулирајќи и покривајќи ги крајните и фазните цели, заедно со нивните политички логистичари – наметнаа една нетипична форма на судир. Но, повеќе за овој проблем ќе се задржиме во друго излагање. Неговото невклопување во овој труд не значи дека нема адекватни одговори за него. Сепак, сметаме дека една анализа на она што може да се очекува во Р. Македонија во наредниот период, платформирано врз искуствените сознанија од осамостојувањето до денес и, посебно, од класично конфликтната ситуација, заслужува поголем приоритет.

За што станува збор?

Политичката разврска на проблемот е на повидок. Со тоа водечките политички структури, а особено членовите на законодавниот дом, ќе сметаат дека нивниот дел од работата е завршен, без оглед на тоа дали станува збор за задоволително решение во моментов или за изнуден компромис. Основи за оптимизам во смисла дека ќе се донесе општоприфатлив концепт за натамошна попродлабочена демоктратизација на општеството има, но најсложениот дел допрва следува. Треба да се очекува дека по политичката разврска, а по редот на нештата, имплемнтационо-прагматичниот дел од договореното и усогласеното на политичко ниво ќе биде препуштен на институциите на системот кои, заедно со меѓународниот фактор, ќе дејствуваат во функција на стабилизирање на состој-

бата и враќање на довербата. Ова второво (довербата) ќе биде најсложен и најтежок дел за остварување. Во основа, тоа ќе биде долгорочен процес исполнет со варијабилен успех. Привидот на изградена доверба (верба) многу често е само параван за квазирелаксирани односи во државата, а во функција на екстремизмот.

Редица фактори ќе влијаат врз општата нестабилност во земјава. Меѓу нив, како најопасни се сметаат оние веќе видените и протежирани конфликтни содржини кои по пат на инерција, или плански, со трансформирани форми, ќе се наметнат како неразделен дел од живеењето во наредните години. Овој, последниов став, всушност, го лоцира и основниот проблем и предмет на трудов.

Главната хипотетичка рамка ја втемелуваме врз тврдењето дека дел од конфликтните содржини манифестирани во судирот до потпишувањето на Рамковниот договор, не ќе можат да се сопрат автоматски и целосно со постигнувањето на политичкото решение. Тие, по пат на т.н. ефект на „мелница“ и, се разбира, плански ќе бидат пренесени и во постконфликтната фаза чии носители ќе бидат поединци и групи за кои политичкото решение ќе претставува пречка за остварување на нивните претходни амбиции. Тоа подразбира дека на сцената и натаму ќе провејува конфликт (отворен или камуфлиран) на довчерашните „страни во судирот“, но со дијаметрално спротивни мотиви, цели, содржини, форми и методи на дејствување. Во средината ќе бидат легалните безбедносни институции во функција на попречување на парамилитанатните структури. Нивната недоволна ефикасност или толерирање на состојбите ќе значи постоење на привремен мир во функција на прегрупирање и подготовка на посочените групи за „конечна пресметка“ преку диференцирано вовлекување и на безбедносните сили во тој судир.

### *Постконфликтен амбиент*

Со кои процеси, активности и последици е можно да се соочиме во постконфликтната фаза – е централното прашање на кое ќе се бараат соодветни одговори во овој дел.

Кога се во прашање граѓаните, кај најголем дел од нив ќе надвладува желбата и потребата за санирање на состојбата и за воспоставу-

вање на ред и поредок во државата. Она што ќе ги плаши е сознанието дека политичките актери кои директно или индиректно, свесно или несвесно, придонесоа за создавање предиспозиции за разгорување на судирот, ќе се обидат да ја водат државата и во постконфликтниот период, иако за тоа немаат доволен кредибилитет. Или, поинаку кажано, кои лидери и политички гарнитури можат да понудат адекватна платформа за излез од општата и особено безбедносна криза, е кошмарното прашање кое катадневно, го сакале тоа или не, ќе нè притиска. Всушност, четвртиот предвремен изборен циклус би требало да претставува една од клучните пресвртници кон прогрес или кон втурнување на земјата во веќе видената кал. На потег е електоратот, чија одговорност за иднината на државата се наметнува како императив без алтернатива. Дали избирачите ќе успеат да донесат правилни одлуки? Тоа ќе зависи од нив, но и од настапот на претендентите за освојување на власта. Овие вториве (претендентите), треба да знаат дека придобивањето на гласачите преку политички идеи, програми и конкретни акции, вклопени во класичните клишеа на политичката пропаганда, настапување и доближување, тешко дека ќе се постигне со посакуваниот успех. Може да се очекува дека борбата за власт меѓу политичките конкуренти ќе биде многу понемилосрдна и посурова од порано. Тоа на соодветен начин ќе се одрази врз секоја индивидуа, главно преку применетите методи за доаѓање до власт. Староновите политички аспиранти за врвот најверојатно веќе вршат сериозни подготовки и ќе се преструктуираат за тој доминантен предизвик во наредниов период. Предизборната кампања ќе предизвика вжештена атмосфера со примеси на анархија. Тоа ќе нè плаши, но ќе биде и предизвик за санирање на состојбата преку давање на доверба на вистинската опција.

Од друга страна, незадоволните или делумно задоволните поединци и групи од постигнатиот политички компромис произлезен (или изнуден) од конфликтот, како и оние со криминална вокација, заедно со својата политичка логистика, ќе настојуваат вонинституционално да го „завршат“ започнатото во конфликтот, да го продолжат периодот на оствареното, или да го остварат посакуваното во државата.

Кај качачкиот блок, погонскиот мотив за продолжување, по сè изгледа, ќе се потпира врз самосознанието дека планираното не е докрај реализирано, иако оствареното овозможува и предизвикува да се оди понатаму, подлабоко и порадикално. Опиеноста од остварениот „успех“

и приграбените бенефиции изборени на „бојното поле", што во постојниот систем на вредности никогаш не би ги имале, би биле дополнителни мотиви за натамошен настап.

Кај другите, сознанието за „неуспех" во судирот со претходните, проткаено со емотивен полнеж во кој се преплетуваат омразата, горчината и потребата за одмазда, продолжувањето на кофликтот во име на каузата ќе претставува приоритетна задача.

Степенот на опседнатоста од двете дијаметрално спротивни настојувања, доколку тоа биде континуирано потхранувано, може да ја цементира состојбата во Р. Македонија на ниво „ниту мир ниту војна", во што соодветно би партиципирале и меѓународните безбедносни сили. Таквата цементација, како најекстремна варијанта на постконфликтната состојба во државата, може да продуцира агонија полоша и од класичен судир.

Како и да е, овозможувањето на продолжувањето на вонинституционалното дејствување и на двете посочени групи, со соодветна политичка поддршка, може да претставува стапица во која лесно се влегува, а тешко се ослободува без класична вооружена пресметка.

Организационите форми преку кои поединците и групите би се обиделе да го остварат проектираното, во основа, би се разликувале од веќе видените во текот на судирот. Може да се претпостави дека главна потпора ќе бидат латентните потенцијали обединети во вид на хуманитарни, невладини, струкови и други организации и здруженија чиј формално легитимен статус би бил наметка која ќе им овозможи спроведување на зацртаното. Најекстремниот дел најверојатно ќе се одметне, при што криминалните активности ќе бидат нивна основна материјална потпора за опстанување. Тесно поврзани, тие одвреме навреме до јавноста ќе испраќаат соодветни сигнали за своето постоење како своевидно предупредување дека ги следат настаните и оти се подготвени за преземање акции кога нивните интереси се загрозени. Основниот корпус на конкретни активности за придобивање за нивната идеја ќе биде насочен кон микросредините со цел во погоден момент да се изврши поврзување на потпорните точки во посеопфатно движење.

Составот на членството и на симпатизерите (поддржувачите) на посочените групи би го сочинувале оние што се задоени со поинакви

видувања за тоа како треба да се уредуваат односите меѓу заедниците во државата. Следниот круг потенцијални приврзаници би биле оние кои доживеале лични трагедии во судирот. Најверојатно ќе се смета и на социјално загрозените лица кои „спасот“ ќе го гледаат токму во таквите организации, свесно апстрахирајќи се од последиците за сметка на материјалната егзистенција.

Арсеналот на методите за придобивање би се движел во распонот од класичните форми на индоктринација па сè до криминални методи и сл.

Манифестираниот степен на отпорност на граѓаните кон тие и такви притисоци главно ќе зависи од нивните лични убедувања, поврзани со нивниот општествен и социјален статус, како и од готовноста соодветно да се одговори на притисокот. Притоа, главен модификатор при изборот на формите на отпор ќе биде стравот или храброста. Дел од граѓаните ќе се обидат на најразлични начини да се одбранат или противстават на директните и индиректните атаци. Изложените граѓани или оние што ќе сметаат дека со време треба да се приспособат на ситуацијата, ќе се обидат да се снајдат преку квази-манифестирање на поддршка или одобрување, или, пак, ќе протежираат однесувања кои во вид на адекватен сигнал како порака би пристигнал до тие што треба да ја примат заради создавање впечаток дека е тој „нивни“, најверојатно сметајќи дека со тоа ќе бидат оставени на мира. Со тоа ќе го избегнат јасното и евидентното искажување на ставовите и мислењата во својата средина и пошироко. Некој ќе ја одбере варијантата „молчи и трпи“, додека други отворено ќе влезат во борба против таквите елементи преку транспарентно изнесување на мислењата и ставовите.

Едно од прашањата што се наметнуваат при анализата на овој постконфликтен транзиционен период се однесува на неговото времетраење. Дека во таков амбиент ќе живееме со години – тоа е повеќе од сигурно, при што крајната кумулативна точка на пресврт во смисла на ескалација или ставање крај на периодот на постконфликтот е некаде околу едно десетлетие од настаните во Танушевци. Во која насока ќе тргнат работите, во позитивна или во негативна, пред сè ќе зависи од нас самите, како и од непосредното опкружување и од меѓународниот фактор.

Ако бидеме оставени на мира сами да ги решаваме работите дома, по научените лекции од минатото, а особено од конфликтниот период, најверојатно ќе можеме соодветно да се пресметаме со нуспроизводите од судирот и со непримерени екстремни стратегиски опции.

Непосредното опкружување во симбиоза со одделни сили во земјата, надополнето со меѓународниот фактор, е многу поваријабилна компонента која може да ја втурне земјата во нов циклус искушенија. Надворешниот интерес не секогаш има чувство и разбирање за домашните потреби. Напротив, тој се обидува да се вклопи и да го канализира своето влијание како израз на стратешкиот интерес на самостојната држава. Тоа особено доаѓа до израз кога се во прашање малите и слабите држави, каква што е и Р. Македонија.

Имено, комбинацијата на „стапот и морковот" како проверена формула за ангажираниот однос на меѓународната заедница (или одделни држави) во решавањето на проблемите во државите, се покажува како вистински рецепт за заедниците заглавени во „историјата" и транзицијата.

Во нашиот случај, слично како и за други држави од поранешниот социјалистички лагер, „морковот" е олицетворен во перспективата на стабилност, човекови права, членство во ЕУ, НАТО и сл., а „стапот" е интересот кој се остварува преку визијата наречена „морков", надополнет со ултимативни барања „земи или остави" и слично.

Кога е во прашање меѓународната заедница, многупати ни се чини дека се преферира улогата на „стапот" наспроти втората алтернатива, иако логиката на работите, гледано од наша страна, е поинаква. Во многу случаи не можеме да ја разбереме грубоста на надворешниот фактор при наметнувањето на решенијата. Но, треба ли понекогаш да се запрашаме колку самите сме придонесле за таков настап? Таквата „грубост", условно кажано, може да се очекува и во наредниот период, бидејќи меѓународниот фактор е веќе заморен и исцрпен од балканските случувања и од бескрајните игри на овој простор. Оттука, ќе мора повнимателно да кореспондираме со надворешниот фактор за да не се најдеме во ситуација тој да крене раце од нас. Објективно, без негова помош тешко ќе се извлечеме од општата, а посебно од безбедносната криза.

Како и да е, во овој и во наредниот период депримираните граѓани чија единствена опција и татковина е Р. Македонија ќе мора да вложат максимум напори правилно да ги проценат варијантите што нудат безизлез и хаос, да им одолеат на притисоците и адекватно да ѝ се противстават на таквата визија за иднината на земјата. Во тој напор секој поединец, во рамките на сопствените можности, ќе мора соодветно да партиципира.

Притоа, најголем дел од енергијата и ангажирањето на политиката, на институциите на системот, а особено на безбедносно-одбранбените структури ќе треба да се концентрира за потиснување и елиминирање на парамилитантните структури во интерес на граѓаните и државата.

Преферирањето на безбедносните прашања во наредниот период во никој случај не значи запоставување на другите витални дејности во државата. Но, факт е дека ако не се создаде задоволителен безбедносен стандард во земјата, илузорно е да се смета на економски развој и на посакуваното темпо за нашето вклучување во интегративните процеси во Европа и пошироко. Општата сигурност ќе продуцира нова мотивациона енергија како стимуланс за да се тргне напред. Тоа во никој случај не значи заборавање на настаните за време на конфликтот, туку нивно разголување и расчистување во функција на вистината, колку и да е таа сурова и обесхрабрувачка за иднината. Притоа реална е опасноста предоминантно да се занимаваме со минатото кое би било наметнато од одделни структури како платформа за нивни сопствен опстанок.

### *Заклучок*

Изнуденото решавање на конфликтот во Р. Македонија, предизвикано од качачките банди, или како што Западот милува да ги нарекува востаници-борци за човекови права, на политичко рамниште по автоматизам не значи престанок, задушување и елиминирање на манифестираните конфликтни форми, содржини, како и на нивните носители.

Готовноста да се повлече линија што ќе значи престанок на дејствата кај „страните во судирот“, е дискутабилна. Имено, колку и да се

различни проценките и оценките за причините, за начинот на водењето и последиците, како и во однос на карактерот на судирот, искуствените сознанија говорат дека не може да се стави крај на конфликтот што временски би се поклопило со усвојувањето на политички документи заради негово завршување.

Дел од содржините на конфликтот, заедно со неговите носители, во манифестирана или трансформирана форма, по пат на инерција или плански, ќе се пренесат и во постконфликтниот период.

Постојат повеќе причини за тоа. Од една страна, тоа е убедувањето дека е остварена само меѓуфаза како дел од поширокиот стратегиски план, а периодот што следи треба да се искористи за негови подготовки и финализирање во соработка со истомисленициите од непосредното опкружување заради реализација на екстремните амбиции. Составен дел на тоа би биле криминалните активности кои од страна на политичките поддржувачи би биле презентирани во образложенија, најпогодни за дадениот момент и за конкретна активност.

Од другата страна се истомисленициите што се за воена опција заради „конечна пресметка" со претходните, при што промовираните или натамошните политички решенија заради стабилизирање на состојбата ги гледаат како продлабочување на поразот што не смее да се дозволи.

Овозможувањето на активирањето и дејствувањето на овие поединци и групи, покриено со легална наметка, а потпомогнато однадвор, може да ги усложни состојбите во Р. Македонија до степен на неизбежност од воено решавање на проблемот. Иако најголемиот дел од граѓаните во земјава не се за таа опција, несоодветното спречување и елиминирањето на таквите поединци и групи од страна на државните институции може да ги доведе граѓаните во позиција на немање избор во смисла на припадноста или поддржувањето на едните или другите, и тоа при отсуство на поинаква перспектива.

Зајакнати, адекватно структурирани и професионално ориентирани безбедносни сили со силна и недвосмислена поддршка на политичките фактори, се незаменлив и нужен фактор во борбата против нуспроизводите од конфликтот, а заради стабилизирање на безбедносната

состојба во државата како услов за враќање на довербата и климата за економски напредок.

Ограничувањето на траењето на овој постконфликтен безбедносен транзиционен период на нужно ниво е императив, а неговото пролонгирање е знак за неспособност да функционираме како држава. Ако тоа треба да го направи некој во наше име, е трагедија за која не верувам дека е „вистинската“ и посакувана опција.

## SUMMARY

Zoran NACEV

## POST CONFLICT SECURITY TRANSITION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

In the work "Post conflict security transition in the Republic of Macedonia" are elaborated standpoints for possible development of the general and particular security condition in the country. The basic thesis in this work is that a part of manifested forms and shapes of the conflict behaviour in the clashes with the Kacack's structures by the inertions or by plan, will be transmitted and in the period after establishing the political solution in connection with it. They will be challenged by the disagreeing of the political agreement decisions and for realisation of long-lasting strategic options with extreme variants related to the stateness or organising the relations between the community in the republic of Macedonia.